**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ТРГОВИЈА И ТРГОВСКО РАБОТЕЊЕ*

**за III година**

***ЕКОНОМСКА, ПРАВНА И ТРГОВСКА СТРУКА***
***техничар за трговија и маркетинг***

**Скопје, мај 2002 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: ТРГОВИЈА И ТРГОВСКО РАБОТЕЊЕ

## 1.2. Образовен профил и група струки на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: техничар за трговија и маркетинг
1.2.2. Група струки: Економска, правна и трговска

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Предмет карактеристичен за образовниот профил

## 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 108 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по наставниот предмет *трговија и трговско работење* е учениците да стекнат стручно – теоретски знаења за надворешната трговија и надворешно - трговското работење, меѓунаодниот транспорт, шпедиција и осигурување на стоката во трансортот, како и за надворешно – трговскиот систем и надворешно – трговската политика и девизниот систем и девизната политика.

Од општата цел на наставниот предмет *трговија и трговско работење* произлегуваат следните посредни цели:

Ученикот:
- да се запознае со значењето и улогата на надворешната трговија;
- да ги разликува специфичностите и видовите на надворешно – трговски работи;
- да ги разбере подготвителните, извршните и завршните извозни работи;
- да ги сфати подготвителните, извршните и завршните увозни работи;
- да ја разбере улогата, карактеристиките и видовите транспорт со посебен осврт на меѓународниот транспорт;
- да го сфати значењето и видовите на меѓународната шпедиција;
- да го согледа значењето на осигурувањето на стоката во меѓународниот транспорт;
- да ги разликува специјалните надворешно – трговски работи;
- да ги разбере карактеристиките и инструментите на надворешно – трговскиот систем и надворешно – трговската политика;
- да ги разбере карактеристиките на надворешно – трговскиот систем и надворешно – трговската политика на Р. Македонија;
- да ги идентификува карактеристиките на девизниот систем и девизната поилтика воопшто и на ниво на Р. Македонија;
- да го објасни значењето и организацијата на различните видови на организирани пазари;

– да ја следи перманентно и да ја применува законската регулатива и прописите од областа на надворешната трговија и наддворешно – трговското работење;
– да соработува во група;
_ да развива чувство и навики на тимската работа со цел постигнување поголем успех во работењето.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на утврдените цели, односно за успешно следење и совладување на содржините на наставниот предмет *трговија и трговско работење* потребни се претходни знаења од областа на наставните предмети *трговија и трговско работење за II и III година и бизнис за III година.*

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** *Ученикот:* | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **I. НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА** | **4** | - Да се запознае со поимот, појавата и развојот на надворешната трговија;<br>- да го разбере значењето и улогата на надворешната трговија;<br>- да ги идентификува сличностите и разликите меѓу внатрешната и надворешната трговија. | Се поставуваат прашања, се дискутира и се мотивираат учениците да презентираат примери од секојдневието за значењето и улогата на надворешната трговија.<br><br>Се презентира шематски приказ за сличностите и разликите меѓу внатрешната | *1. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Општи аспекти на стоковиот промет и трговијата;<br>- Носители и организациони форми на внатрешниот стоковен промет. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и надворешната трговија со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор. | *2. Бизнис за III година*<br>Тематска целина;<br>- Меѓународен бизнис. |
| **II. НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКИ РАБОТИ** | **3** | - Да ја сфати суштината, значењето и специфичностите на надворешно - трговските работи;<br>- да ги разликува видовите надворешно - трговски работи. | Се објаснува за значењето и специфичностите на надворешно - трговските работи.<br><br>Се презентира и објаснува шема на видовите надворешно-трговски работи со графоскоп или ЛЦД проектор. | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходната тематска целина. |
| **1. Извозни работи** | **18** | - Да ја разбере суштината и значењето на извозните работи;<br>- да ги објасни подготвителните извозни работи (истражување на пазарот на земјите увознички, воспоставување контакти со соодветен увозник, водење трговски преговори, отворање на предмет, изработка на роковник, определување на извозен статус на стоката и пријавување на извозната работа);<br>- да го сфати извршувањето на извозната работа (обезбедување на потребната | Се води насочена дискусија за суштината и значењето на извозните работи.<br><br>Се објаснува и се дискутира за проблемите и ситуациите што се карактеристични за истражувањето на странскиот пазар и се поттикнуваат учениците да донесуваат сопствени судови за воспоставувањето на контакт со соодветен увозник.<br><br>Се поттикнува работа во | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходната тематска целина.<br><br>*2. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Продажно работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | документација за извоз, издавање на диспозиција на стоката наменета за извоз, осигурување и контрола на стоката што се извезува, извозно царинење на стоката и пакување на стоката во меѓународниот транспорт);<br>- да ги објасни завршните извозни работи (формирање на цената, доставување на фактура на купувачот и наплата на цената на извезената стока, ликвидирање на обврските кон другите учесници во извозот и ликвидирање и чување на предметот во врска со извозната работа). | групи за симулирање на водење на трговски преговори.<br>Се организираат, координираат и контролираат практични вежби преку групна или тандемска работа на учениците за отворање на предмет, изработка на роковник.<br><br>Се претставуваат, демонстрираат и објаснуваат примери за определување на извозниот статус на стоката и пријавување на извозната работа.<br><br>Се претставуваат и објаснуваат обрасци на документација во врска со извршување на извозот (пополнување или изработување диспозиција).<br><br>Се информираат учениците за потребата од осигурување, контрола, | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | царинење и пакување на стоката што се извезува.<br><br>Се симулира постапка за завршни извозни работи, со активно учество на учениците (формирање на цена, доставување на фактура на купувачот и наплата на цената на стоката што е извезена, ликвидирање на обврските, ликвидирање и чување на предметот во врска со извозната работа). | |
| **2. Увозни работи** | **14** | - Да ја согледа суштината и значењето на увозните работи;<br>- да ги разликува подготвителните увозни работи (истражување на пазарот на земјите извознички, воспоставување контакти со соодветен извозник, водење трговски преговори, отворање на предмет, изработка на роковник, определување на увозен статус на стоката и регистрирање на увозната работа); | Се поставуваат прашања, се дискутира и се мотивираат учениците да презентираат примери од секојдневието за суштината и значењето на увозното работење.<br><br>Се организира анкета за истражување на пазарот за увоз на стока и се поттикнува дискусија за значењето на истражувањето. | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходните тематски целини.<br><br>*2. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Набавно работење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја идентификува постапката на извршување на увозните работи (издавање на диспозиција на шпедитерот, контрола на увозната работа и увозно царинење на стоката);<br>- да ги разбере завршните увозни работи (ликвидирање на обврските кон извозникот и кон другите учесници на увозната работа, ликвидирање и чување на предметот во врска со увозот). | Се организираат практични вежби за пополнување на документи во врска со извршувањето на увозното работење.<br><br>Се организира посета на царинска служба со цел да се добијат сознанија за начинот и постапката на увозното царинење на стоката.<br><br>Се симулира постапка за завршни увозни работи, со активно учество на учениците (ликвидирање на обврските и ликвидирање и чување на предметот во врска со увозната работа). | |
| **3. Меѓународен транспорт на стоката** | **11** | - Да се запознае со поимот, значењето и улогата на транспортот;<br>- да ги класифицира видовите на транспорт;<br>- да ги истакне особеностите на современиот транспорт;<br>- да ја сфати употребата на современи средства (палети и | Се поставуваат прашања, се дискутира и се мотивираат учениците да презентираат примери од секојдневието за улогата и значењето на транспортот, согласно нивните претходни сознанија. | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходните тематски целини.<br><br>*2. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Транспортно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | контејнери) во транспортот;<br>- се запознае со поимот, начелата и видовите превозни тарифи;<br>- да ја идентификува структурата на транспортните услуги (карактеристики на транспортните трошоци);<br>- да ги разликува исправите (документите) во меѓународниот превоз;<br>- да ги споредува посебните царински документи - карнети во меѓународниот превоз на стоката. | Се претставува и објаснува шематски приказ за структурата на транспортните услуги, како и за  начелата и видовите превозни тарифи со употреба на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор.<br><br>Се поттикнува дискусија со учениците за употребата на современите средства во транспортот (палети и контејнери).<br><br>Се организира, координира и контролира групна работа на учениците за улогата и значењето на друмскиот транспорт, како и за железничкиот транспорт.<br><br>Се објаснува за користењето на карнетите од меѓународ-ниот превоз на стоката, пре-зентира ТИР, АТА и ЕСЦ карнети и ги поттикнува учениците на групна или | работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | тандемска работа за разликите меѓу ТИР, АТА и ЕСЦ карнетите. | |
| **4. Меѓународна шпедиција** | **10** | - Да се запознае со основните поими и карактеристики на шпедицијата;<br>- да ги разликува видовите на шпедицијата;<br>- да го објасни значењето и карактеристиките на меѓународната шпедиција;<br>- да се запознае со задачите и функциите на меѓународната шпедиција;<br>- да ја разбере поврзаноста помеѓу меѓународната шпедиција со надворешно - трговското и транспортното работење;<br>- да ги разликува основните работи на меѓународната шпедиција при увоз - извоз на стоката;<br>- да ја идентификува улогата и одговорноста на меѓународниот шпедитер во транспортот. | Се објаснува за карактеристиките на шпедицијата и се поттикнува дискусија со учениците според нивните претходни сознанија во врска со шпедицијата.<br><br>Се претставува и објаснува шематски приказ за видовите на шпедиција, со употреба на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор.<br><br>Се организира, координира и контролира групна работа на учениците за задачите и фунциите на меѓународната шпедиција.<br><br>Се објаснува и презентира шематски приказ за основните работи на меѓународната шпедиција при увоз. | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходните тематски целини.<br><br>*2. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Транспортно работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Се организира анкета за улогата и одговорностите на меѓународниот шпедитер во транспортот, во соработка со учениците, чија содржина ја подготвуваат самите ученици.<br><br>Се организира посета или се поканува во училиштето шпедитер, се дискутира за впечатоците и се изведуваат заклучоци од посетата заедно со учениците. | |
| **5. Осигурување на стоката во меѓународен транспорт** | **6** | - Да се запознае со поимот, поделбата и основните начела на транспортно осигурување;<br>- да ја разбере улогата и значењето на осигурувањето на стоките во меѓународниот транспорт;<br>- да ги идентификува организациите што вршат осигурување на стоката во транспортот;<br>- да ги разликува видовите на документи во транспортното | Се дискутира и се мотивираат учениците да презентираат ставови и заклучоци за улогата и значењето на стоката во меѓународниот транспорт.<br><br>Се презентираат и се објаснуваат примери од практиката и обрасци за документите во транспортното осигурување. | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходните тематски целини.<br><br>*2. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Транспортно работење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | осигурување (полиса за осигурување и другите документи за осигурување). | | |
| **6. Специјални надворешно – трговски работи** | **8** | - да ги разбере компензационите работи;<br>- да ги објасни врзаните работи;<br>- да го сфати реекспортот;<br>- да ги идентификува транзитните работи;<br>- да ја сфати продажбата преку duty free продавници;<br>- да ја разбере консигнацијата. | Се презентира и објаснува шематски приказ на видовите специјални надворешно – трговски работи.<br><br>Се поттикнува дискусија со учениците согласно нивните искуства и сознанија од секојдневието за некои од специјалните надворешно – трговски работи (на пример, за продажба преку duty free продавници). | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходните тематски целини.<br><br>*2. Трговија и трговско работење за II година*<br>Тематска целина:<br>- Продажно работење;<br>- Транспортно работење. |
| **III. НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКИ СИСТЕМ И НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА ПОЛИТИКА**<br><br>**1. Инструменти на надворешно - трговскиот систем** | **12** | - Да се запознае со поимот и карактеристиките на надворешно – трговскиот систем и надворешно – трговската политика;<br>- да ги разликува видовите инструменти на надворешно - трговскиот систем (директни и индиректни инструменти);<br>- да ги класифицира видовите директни инструменти на надворешно – трговскиот | Се објаснува за карактеристиките на надворешно – трговскиот систем и надворешно – трговската политика воопшто.<br><br>Се презентира шематски приказ за видовите директни и индиректни инструменти на надворешно-трговскиот систем со употреба на | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Тематски целини:<br>- Надворешна трговија;<br>- Надворешно трговски работи;<br>- Увозни работи. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | систем (квалитативни и квантитативни инструменти);<br>- да се запознае со поимот и видовите царини;<br>- да ги разбере преференциите и премиите;<br>- да се запознае со поимот контингент (квота);<br>- да ја сфати забраната (ембарго) за увоз или извоз;<br>- да ги разликува видовите индиректни инструменти на надворешно – трговскиот систем;<br>- да го разбере дампингот и антидампиншките мерки. | хамер, графоскоп или ЛЦД проектор. | |
| **2. Надворешно – трговски систем и надворешно – трговска политика на Република Македонија** | **10** | - Да ги разликува карактеристиките на надворешно - трговскиот систем на Р. Македонија;<br>- да ги идентификува носителите на надворешно – трговскиот систем на Р. Македонија;<br>- да се запознае со надворешно – трговската мрежа и нејзините субјекти;<br>- да ги разликува карактеристиките на надворешно - трговската | Се објаснува за специфичностите на надворешно – трговскиот систем и надворешно – трговската политика на Р. Македонија.<br><br>Се презентира шематски приказ за носителите на надворешно – трговскиот систем надворешно – трговската мрежа на Р. Македонија со употреба | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходната тематска целина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | политика на Р. Македонија;<br>- да го разбере регулирањето на меѓународниот промет на Р. Македонија (со Законот за надворешно – трговско работење и другите мерки и инструменти);<br>- да ги согледа мерките против монополската положба и монополското однесување на пазарот и ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото;<br>- да ги објасни минимално техничките и хигиенско-санитарни услови за вршење на надворешно – трговското работење;<br>- да го разбере значењето на квалитетот на стоката и стандардизацијата. | на хамер, графоскоп или ЛЦД проектор.<br><br>Се користи текст метода за претставување на основните одредби од Законот за надворешно – трговско работење и другите мерки и инструменти.<br><br>Се презентираат и објаснуваат мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот согласно постојната законска регулатива.<br><br>Се објаснуваат и се презентираат меѓународни стандарди за квалитет на стоката. | |
| **V. ДЕВИЗЕН СИСТЕМ И ДЕВИЗНА ПОЛИТИКА** | **7** | - Да се запознае со поимот и карактеристиките на девизниот систем и девизната политика;<br>- да ги разбере валутите и валутниот курс;<br>- да ги сфати девизите и девизниот курс; | Објаснува и поттикнува дискусија за карактеристиките на девизниот систем и девизната политика воопшто и посебно за Р. Македонија. | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Тематски целини;<br>- Надворешно - трговски систем и надворешно - трговска политика. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги осознае карактеристиките на девизниот систем и девизната политика на Република Македонија во периодот по нејзиното осамостојување;<br>- да се запознае со билансот на плаќање на Република Македонија во периодот по нејзиното осамостојување. | Се објаснува, се поттикнува и се организира групна работа на учениците за валутите и валутниот курс, како и за девизите и девизниот курс.<br><br>Се презентира и се објаснува структурата на билансот на плаќање на Р. Македонија во периодот по нејзиното осамостојување, со употреба на графоскоп или ЛЦД проектор. | |
| **VI. ОРГАНИЗИРАНИ ПАЗАРИ** | **5** | - Да го разбере значењето, видовите и организацијата на работење на саемите;<br>- да го објасни значењето, видовите и организацијата на работење на аукциите;<br>- да го сфати значењето, видовите и организацијата на работење на берзите. | Се дискутира и се мотивираат учениците да презентираат примери од секојдневието за работење-то и организацијата на организираните пазари.<br><br>Се организира посета на учениците на саеми и берзи, се изведуваат заклучоци од впечатоците и сознанијата од посетите.<br><br>Се поттикнува работа во | *1. Трговија и трговско работење за III година*<br>Со претходните тематски целини. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | парови и групи за симулирање на начините на работењето на аукциите. | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

За реализација на наставата по наставниот предмет *трговија и трговско работење*, согласно поставените цели на наставниот предмет, како основни *наставни методи* ќе се користат: насочено водена дискусија, решавање на проблеми и симулирани случаи, изготвување на мали проекти, учење преку сопствено откривање, независни задачи, компјутерска симулација, играње на улоги и др.

*Активности на ученикот*: да учи независно и во група, да набљудува, да слуша, да применува, да открива односи, да пишува извештаи, да презентира, да работи домашни задачи.

*Активностите на наставникот* се однесуваат на организација на наставата, давање инструкции за работа, поттикнување на дискусии, објаснување, поставување прашања, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, симулирање на процеси и реални ситуации, презентирање, правење забелешки, организирање и водење проекти, организирање посети на трговски друштва.

**4.3. Организација и реализација на наставата по предметот**

Процесот на учење во наставата по наставниот предмет *трговија и трговско работење* се изведува преку теоретска настава во училница каде учениците ќе стекнуваат, пред сѐ когнитивни и афективни компетенции, преку организирани посети на трговски друштва кои вршат надворешно - трговски работи, организации кои вршат транспорт и осигурување и царински служби, организирани информативни средби, разговори и дискусии со претставници - стручни лица од практиката, во училиштето или во институциите и трговските друштва, со цел да се интегрираат знаењата и ставовите со практичните умеења на учениците. Наставата по овој наставен предмет се реализира и преку индивидуални домашни задачи, кои може да се изведуваат дома и во училиштето.

Образовните активности по предметот *трговија и трговско работење* се организира во две полугодија, четири тримесечја и неделен распоред на часовите.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За успешна реализација на целите на наставниот предмет *трговија и трговско работење* потребно е да се користи: графоскоп, графофолии,ТВ, видеорикордер, видеоленти, персонални компјутери, Интернет конекција, стручни списанија, публикации, рекламен материјал, табла и друга опрема и наставни средства согласно Нормативот.

Како *учебници и учебни помагала* препорачливо е да се користат учебници за овој наставен предмет наменети за средното образование, наставни помошни материјали, стручни списанија и други публикации.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на учениците се врши преку континуирано следење во текот на целата учебна година, при што се вреднува интересот на учениците што го покажуваат на часот, креативноста, резултатите од проектната работа, писмените извештаи на учениците, усните одговори и писмените тестови.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат со најмалку две оценки за секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки. Доколку не се исполнат барањата врз основа на утврдените критериуми за оценување, се постапува во согласност со законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да го мотивира и да влијае позитивно на ученикот со својот начин на изразување, углед, појава, подготвеност за дополнителна работа, образование, систем на вредности и идеали, да соработува со другите наставници, стручни работници, социјални партнери, стручни институции, да поседува способност за изведување на наставата, да поседува способност за примена на современа образовна технологија, да поседува способност за

планирање, организирање, воведување новини во наставниот процес, како и способност за професионално и педагошко самообразување, да е комуникативен и креативен.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по економија, со здобиена педагошко - психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За реализација на наставната програма по предметот *трговија и трговско работење* ќе се користи училница, опремена со наставни средства, помагала и опрема согласно Нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2002 година

### 7.3. Состав на работната група:

1. Снежана Димовска, советник, (раководител), Биро за развој на образованието, Скопје
2. Д – р Ирена Кикеркова, доцент, Економски факултет, Скопје
3. Марија Поп - Георгиевска, наставник, ДСУ "Цветан Димов", Скопје
4. Ацо Ѓоргиевски, наставник, ДСУ "Цветан Димов" , Скопје
5. Весна Кутревска, АД "ПКБ – Скопје", Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.9.2002 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *трговија и трговско работење* ја одобри (донесе):министерот за образование и наука со решение број